**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА**
**“ЖИТО ПОЛОГ” АД**
**ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

**Тетово, Март 2023**

# СОДРЖИНА


1. **Општи податоци ......................................................................................стр. 2**
2. **Економско и деловно опкружување.......................................................стр. 3**
3. **Вовед во работење на Жито Полог АД ..................................................стр. 4**
4. **Цели и мисија на Жито Полог Ад ..........................................................стр. 4**
5. **Организациона поставеност на друштвото...........................................стр. 5**
6. **Зделка со заинтересирана Страна..........................................................стр. 6**
7. **Управување со ризик...............................................................................стр. 6**
8. **Вложувања во Жито Полог Ад ...............................................................стр. 8**
9. **Човечки ресурси.......................................................................................стр. 8**
10. **Надоместоци за раководство..................................................................стр. 8**
11. **Извештај за примена на Кодекс на корпоративно управување од друштвото.....................................................................................................стр. 9**
12. **Финансиски извештаи.................................................,,,,,,,,...........стр. 11**

Годишниот извештај од работењето на Жито Полог АД за 2022 година е изготвен во согласност со член 384 точка 7 од Законот за трговските друштва ( Сл. Весник на РСМ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и 290/20), член 154 од Законот за хартии од вредност ( Сл. Весник на РСМ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008) и согласно член 3 од Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи на акционерските друштва.

# 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**Жито Полог АД - Тетово** е акционерско друштво основано и со седиште во Република Северна Македонија на адреса ул. Маршал Тито бр. 134 Тетово. Податоци за контакт со правното лице:

- Телефон: 044/339-880
- Емаил: zitopolog@on.net.mk
- Интернет страница: www.zitopolog.com.mk
- Даночен број: МК 4028987116516
- Матичен број: 4037634

Основна дејност (шифра 10.61) [1] на Жито Полог Ад опфаќа производство на мелнички производи, поседува сместувачки капацитети за житни култури и има сопствена малопродажна мрежа. Жито Полог Ад е Акционерско Друштво чии акции котираат на Македонската берза за хартии од вредност. Управувањето на Друштвото е организирано според едностепен систем на управување, составен од Одбор на директори со два неизвршни членови и еден извршен член т.е. Генералниот извршен директор кој за својата работа одговара пред неизвршните членови и пред Собранието на акционери. Службата за внатрешна ревизија е независен дел во организацискаta поставеност на друштвото и е издвоена од останатите делови. Нејзина задача е да обезбеди објективна и независна оцена на субјектот дали




[1] Приоритетна дејност / главна приходна шифра

доследно се применуваат процедурите, регулативата и стандардите, усогласеноста со постапките, дали средствата за работа се користат ефикасно, ефективно и економично и дали се остваруваат поставените цели на компанијата.

## 2. ЕКОНОМСКО И ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ

Како и изминатите години, така и 2022 година беше година непредвидлива година со многу негативни влијанија врз дејствувањето на бизнисите во нашата држава. Првиот квартал од 2022 година го одбележаа започнувањето на војната во Украина и продлабочувањето на енергетската криза, како нови предизвици за економското закрепнување од пандемијата. Со Руската инвазија на Украина и санкциите кон Русија, се влошија веќе нарушените глобални синџири на снабдување, енергетската криза и пазарите на примарни производи, што предизвика силни ценовни притисоци и голема неизвесност за глобалните економски изгледи и за идната патека на економско закрепнување. Поради растот на цените на примарните производи на светските берзи и застоите во синџирите за снабдување, коишто влијаат и на останатите видови производи, инфлацијата и натаму бележи нагорни движења, како во светски рамки, така и во нашата економија која што е високо зависна од увоз. Како резултат на ова, стапката на инфлација во нашата земја во вториот квартал достигна 12,7%.

Континуираната енергетска криза, високата инфлација, зголемената неизвесност, глобалното забавување и тесните услови за финансирање ја намалуваат економската активност и веќе доведоа до нагло забавување на растот на реалниот БДП во третиот квартал од 2022 година.

Почнувајќи уште од крајот на првото тромесејче од 2022 година, континуирано се зголемуваше цената на електричната енергија. Цената на електричната енергија го достигна својот пик во Јули и Август, па поради тоа со цел да останеме конкурентни во однос на увозните брашна бевме приморани да инвестираме 300.000 евра во фотоволтаици, како одговор на високата цена на електричната енергија.

## 3. ВОВЕД ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЖИТО ПОЛОГ - АД

Жито Полог Ад е Друштво чија основна дејност е производство и продажба на мелнички производи. Друштвото има широк асортиман на брашна: наменски брашна, Т-400 бели брашна со врвен квалитет, Т- 500 брашна за пекари и др. чиј квалитет се заснова на употреба на квалитетна пченица, како и квалитетното менаџирање со производството и без примена на адитиви. Жито Полог АД исто така произведува и тестенини со што покажува дека е голема компанија со широк асортиман на производи.

Моментално Жито Полог АД брои 87 вработени кој се распределени за извршување на своите задачи со цел непречено функционирање на Друштвото. Жито Полог АД како и другите компании во текот на 2022 година се соочуваше со различни проблеми и влијанија кои негативно се одразуваја врз работењето на Друштвото. Како и изминатите години така и оваа, еден од главните проблеми претставува увозот на брашно од Србија, кое е со поевтина цена, како и нелојалната конкуренција кои негативно влијаеа на продажбата. Исто така голем проблем беше порастот на цената на пченицата која постојано растеше до средината на Ноември 2022, за да после тоа доживее пад од 20 % со што довете до огромни проблеми на целиот пазар.

И покрај големите предизвици со кои се соочи Друштвото во текот на годината, може да се заклучи дека со големиот ангажман на Раководството, како и на сите вработени, се обезбедија услови за рентабилно работење на истото.

## 4. ЦЕЛИ И МИСИЈА НА ЖИТО ПОЛОГ АД - ТЕТОВО

**Цел** - Жито Полог АД преку обезбедување на сертификаците за квалитет ISO 14000 и ISO 22000 има за цел да обезбеди здрава храна која е произведена според сите стандарти и со врвен квалитет.

**Мисија** - уживајќи ја долгогодишната доверба од купувачите, задржувајќи го квалитетот да создадеме задоволство кај секој купувач.

**Визија** - Жито Полог Ад ја гледаме како компанија која со својот асортиман на високо квалитетни брашна секогаш е чекор пред другите, спремна да воспостави конкурентска предност и да освојува нови пазари во државата и регионот, на тој начин да ги оствари своите цели.

# 5. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО

**ПРИЛОГ Бр.1**

**ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА НА ЖИТО ПОЛОГ АД**



## 6. ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

Во согласност со член 457 од Законот за трговски друштва, во извештајниот период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година се реализирани зделки со заинтересирана страна и тоа договори склучени во рамките на редовното деловно работење (купување, продавање, користење на услуги, аванси, кредити, гаранции, земање и давање на краткорочни парични позајмици, шпедиција, дистрибуција ) по тековни пазарни услови за слични видови на трансакции помеѓу ЖИТО ПОЛОГ АД со ОРКА ХОЛДИНГ АД – Скопје и друштвата во кои ОРКА ХОЛДИНГ АД –Скопје се јавува како сопственик на удел и тоа: ОК СЕКЈУРИТИ ДООЕЛ – Скопје, ОК МЕДИА ДООЕЛ – Скопје , О.К ИДЕА ДООЕЛ – Скопје , МОНТ ДООЕЛ - Скопје, КАРА ДООЕЛ- Скопје , ОРКА ХОТЕЛ ДООЕЛ – Скопје, ОК ТРАНСПОРТ ДООЕЛ – Скопје, БЕТОН ШТИП ДОО –Штип.

Зделките се одобрени со одлука од Собрание на акционери одржано на 04.05.2022 година. Вредноста на секоја од погоренаведените зделки поединечно или кумулативно за период од 12 месеци од денот на донесувањето на одлука до денот на одржување на следното годишно собрание не надминува 45.000.000 денари која вредност изнесува 7,8 % од од сметководствената вредност на имотот на Жито ПологАД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото.

## 7. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

Управувањето со ризици е процес кој овозможува со одговорно работење да дојдеме до квалитетни сознанија за да носиме исправни одлуки за постигнување на подобри резултати од работењето. Основната одговорност за активно управување со ризиците од работењето ја носат одредени деловни подрачја, кои се одговорни за воспоставување на соодветни и ефикасни внатрешни контроли и спроведување на деловни активности во согласност со ограничувањата на одредени стратешки цели

Модерниот концепт на деловното работење во услови на динамична пазарна економија, придонесува се повеќе да се даде акцент на управувањето со ризиците како еден од основните предуслови за успешно работење на секое друштво. Посебна улога во управувањето со ризиците има Службата за внатрешна ревизија, како посебен орган кој врши следење и контрола на ризикот, ефикасноста и адекватноста на интерните контроли, спроведување на законските прописи и усогласеност со интерни политики и процедури.

Системот на управување со ризиците на Друштвото е во согласност со природата, големината и комплексноста на деловните активности кој ги реализира Друштвото, а ги опфаќа следните видови на ризици: финансиски, ликвидносен, кредитен, пазарен, оперативен, ризик за управување со капиталот и останати ризици на кој е изложено друштвото.

Жито Полог АД - Тетово во своето секојдневно функционирање е изложено на следните видови ризици од финансиски карактер. Финансиските ризици може да се поделат во неколку категории:

- **Пазарен ризик**
- **Ликвидносен ризик**
- **Кредитен ризик**
- **Оперативен ризик**

Пазарниот ризик се појавува кога има значителна промена на пазарот на кој се натпреварува компанија. Кредитен ризик е ризик кога купувачите не се во можност да ги исплатат своjте обврски спрема Друштвото. Ризикот за ликвидност се однесува на тоа колку лесно претпријатието може да ги претвори своите средства во готовина, ако има потреба од средства. Исто така, се однесува на дневниот проток на готовина. Оперативните ризици се јавуваат како резултат на редовните деловни активности на претпријатието .

Друштвото има политика да одржува доволно парични средства и парични еквиваленти за да ги подмири своjте обврски во блиска иднина. Финансовиот сектор ги предвидува паричните текови, со цел да се осигураат доволно парични средства за да во секое време се исполнат оперативните потреби како и плаќање на сите достасани обврски.

## 8. ВЛОЖУВАЊА ВО ЖИТО ПОЛОГ - АД

Активностите на Жито Полог Ад - Тетово во текот на **2022** година се претставени во следната табела:

| Р.Б | ОПИС | ИЗНОС ВО ДЕНАРИ |
|---|---|---|
| 1 | Земјиште и градежни објекти | **1.792.252** |
| 2 | Постројки и опрема | **3.809.455** |
| 3 | Алат, погонски и канцелариски инвентар | **20.396** |
| 4 | Вложувања во акции и удел | **207.247.946** |
| **Вкупно:** | | **212.870.049** |

## 9. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во Друштвото со состојба **31.12.2022** година се вработени **87** работници. Квалификационата структура на човечките ресурси во Жито Полог АД Тетово е претставена во приложениот преглед:

| | |
|---|---|
| - Висока стручна спрема | 14 |
| - Виша стручна спрема | 2 |
| - Средна стручна спрема | 37 |
| - Високо квалификувани | - |
| - Квалификувани | 13 |
| - Полуквалификувани | 7 |
| - Неквалификувани | 14 |
| **В К У П Н О :** | **87** |

## 10. НАДОМЕСТОЦИ НА РАКОВОДСТВОТО

Во 2022 година, неизвршните членови на Одборот на директори остваруваа нето месечни примања во висина од **20.000 денари** како надоместок за членство, додека извршниот член на Одборот на директори, добива месечен надоместок врз основ на менаџерски договор.

# 11. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНА НА КОДЕКС НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Друштвото Жито Полог АД го применува Кодексот на корпоративно управување кој е усвоен со одлука на седница на одборот на директори и е достапен на веб страната на Друштвото.

Дејствувањето на Друштвото е во согласност со Кодексот на корпоративно управување на Друштвото , како и во согласност со законите. Редовните Собранија на акционери се свикани во законскиот рок со објава во дневен весник достапен за сите акционери, на секој акционер му е обезбедено правото на глас во собранието со непосредно учество или преку учество на овластен полномошник. На акционерите и на сите заинтересирани страни, потрошувачите, деловните партнери, вработените, локалната заедница, државата и целокупното опкружување навремено им беа достапни сите информации за работењето на друштвото, објавени на берза и на веб страната на Друштвото.

Акционери со право на глас и сопственост над 5 % од акциите на 31.12.2022 година се:

| Име/назив на имателот | Презиме | Процент |
|---|---|---|
| НЕНАД | ЈОСИФОВИЌ | 12,47 |
| ЗЛАТКО | ПИРУЗЕ | 11,46 |
| ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ СОФИЈА ГРАДБА ДООЕЛ СКОПЈЕ | | 5,13 |
| ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ АС СЕЊАК УВОЗ-ИЗВОЗ СЕЛАУДИН АРИФИ ДООЕЛ | | 18,12 |
| ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЕЛНИЧКИ, ПЕКАРСКИ И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ И ПРОМЕТ НА МАЛО И ГОЛЕМО ЖИТО ПОЛОГ АД - ТЕТОВО | | 9,82 |
| ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ОРКА ХОЛДИНГ АД СКОПЈЕ | | 23,10 |
| СЕРГЕЈ | САМСОНЕНКО | 15,45 |

Одборот на директори се состои од три членови од кој еден е извршен член и двајца неизвршни членови од кој еден е претседател на Одборот на директори. Извршниот член е и Генерален извршен директор прима плата според менаџерски договор и за своето работење одговара пред неизвршните членови на одборот на директори, додека неизвршните членови на одборот на директори добиваат месечен надомест во

висина од  по 20.000 денари месечно. Одборот на директори  воспоставува редовна и ефикасна контрола и развој  на работењето на Друштвото -  собранието на акционери избира  Друштво за ревизија од редот на независните професионални ревизорски институции, исто така Собранието го разгледува извештај од од надворешната ревизија. Покрај надворешната, Одборот на директори  формира посебна организациона единица, Служба за  внатрешна ревизија.

Оновната цел на примената на Кодексот на корпоративно управување на Друштвото е воспоставување на принципи на корпоративна пракса и организациска култура врз основ на која ќе се однесуваат носителите на корпоративното управување на Друштвото према сите заинтересирани страни. Покрај ова една од основните цели е воведување на добри работни навики и воспоставување високи стандарди во домен на корпоративното управување на Друштвото,  доследност на системот на контрола, зголемување на довербата кај акционерите, инвеститорите и други заинтересирани страни, се со цел обезбедување на долгорочен и стабилен раст и развој на друштвото.

# 12. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

## БИЛАНСИ НА СОСТОЈБАТА
**на 31 Декември 2022 и 2021**
(во Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Материјални средства | 4 | 68.589.420 | 71.657.967 |
| Нематеријални средства | 4 | 34.980 | |
| Удели | 5 | 178.617.550 | |
| Финансиски вложувања | 6 | 29.610.396 | 980.000 |
| *Вкупно нетековни средства* | | *276.852.346* | *72.637.967* |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Залихи | 7 | 222.320.016 | 118.147.469 |
| Побарувања од купувачи и поврзани субјекти | 8 | 52.191.106 | 38.594.956 |
| Други краткорочни побарувања | 9 | 90.740.436 | 226.630.716 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 10 | 30.821.650 | 21.161.442 |
| Парични средства | 11 | 3.934.222 | 58.749.430 |
| *Вкупно тековни средства* | | *400.007.430* | *463.284.013* |
| АВР | | *800.693* | *1.371.949* |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | ***677.660.469*** | ***537.293.929*** |
| **Б КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | | |
| Запишан капитал | | 144.203.004 | 144.203.004 |
| Законски и други резерви | | 151.963.080 | 156.788.864 |
| Акумулирана добивка | | 185.510.444 | 165.735.792 |
| Сопствени акции | | (11.146.537) | (11.146.537) |
| *Вкупно капитал и резерви* | | *470.529.991* | *455.581.123* |
| **В ОБВРСКИ ПО ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ** | *12* | *37.271.188* | *23.837.391* |
| **Г ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски по кредити до 1.год. | 12 | 58.874.611 | 32.029.652 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи и поврзани субјекти | 13 | 101.242.143 | 16.646.589 |
| Други краткорочни обврски | 14 | 8.552.060 | 8.008.698 |
| ***Вкупно тековни обврски*** | | *168.668.814* | 56.684.939 |
| **ПВР** | | *1.190.476* | 1.190.476 |
| ***ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ*** | | ***677.660.469*** | ***537.293.929*** |
| *Вонбилансни средства* | | | |
| *Вонбилансни извори* | | | |

# БИЛАНСИ НА УСПЕХ
## за годината што завршува на
## 31 Декември 2022 и 2021
(во Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 15 | 401.673.143 | 297.714.567 |
| Останати оперативни приходи | 16 | 13.032.849 | 16.103.123 |
| Промена на вредноста на залихите | | 11.472.303 | 2.919.762 |
| Трошоци за суровини и други материјали | 18 | (328.528.968) | (208.027.850) |
| Набавна вредност на продадени стоки | | (1.349.512) | (25.363.070) |
| Услуги | 19 | (6.494.818) | (6.829.547) |
| Трошоци на вработените | 20 | (44.478.282) | (36.983.222) |
| Амортизација | | (8.799.455) | (8.031.604) |
| Останати трошоци | 21 | (18.082.178) | (30.033.341) |
| *Оперативна добивка (загуба)* | | *18.445.082* | *1.468.818* |
| Приходи од финансирање | 17 | 831.155 | 4.257.615 |
| Расходи од финансирање | 22 | (2.816.703) | (2.578.691) |
| *Добивка(загуба) од редовно работење пред оданочување* | | *16.459.534* | *3.147.742* |
| Данок на добивка | | 1.519.066 | 0 |
| ***НЕТО ДОБИВКАЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА*** | | ***14.940.468*** | ***3.147.742*** |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

Генерален извршен директор
Сашо Босилков

ЖИТО ПОЛОГ АД
ТЕТОВО